# Влада на Република Северна Македонија

## Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 22.12.2025 |
| Архивски број: | **Бр. 33 – 22/3** |
| До: | Владата на Република Северна Македонија |
| Предмет: | Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 7. седница одржана на 22.12.2025 година, се информираше дека Министерството за односи меѓу заедниците има подготвено Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

Имајќи ги предвид надлежностите на Советот утврдени во член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и бр.164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.97/19, бр.116/21 и бр.268/24), меѓу кои Советот дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество и дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на граѓанските организации од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа, предлагаме Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа Предлог-Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации по обезбедено мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Министерството за односи меѓу заедниците е писмено известено со допис бр.33-22/2 од 17.12.2025 година за потребата Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество да ја разгледа и да даде мислење по Предлог-Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова